# ИНФЕСТАЦИЈА СО КРЛЕЖИ ОД РОДОТ *TROPILAELAPS*

**Латинско име**:
*Tropilaelaps clareae*
*Tropilaelaps mercedesae*
*Tropilaelaps koenigerum*
*Tropilaelaps thaii*

**Инфестацијата со *Tropilaelaps* spp. (тропилелапсоза) е болест која задолжително се пријавува во Европската Унија (ЕУ)**. Според законодавството на ЕУ, секоја детекција мора да се пријави кај надлежните органи.
Од четирите видови на *Tropilaelaps* spp., само *T. clareae* и *T. mercedesae* паразитираат на *Apis mellifera*.
Болеста **не е присутна во ЕУ,** но **постои значителен ризик од нејзино внесување** поради неодамнешното ширење во Централна Азија и Црноморско-Кавкаскиот регион.

**Штети во пчелните семејства:** Во семејствата со многу крлежи, *Tropilaelaps* предизвикува оштетувања слични на оние од *Varroa*. Морталитетот е висок и кај леглото и кај возрасните пчели, што доведува до слабеење на семејствата, пропаѓање или напуштање на кошницата. **Семејствата на *Apis mellifera* можат да пропаднат за 2-3 месеци по инфестацијата со *Tropilaelaps*.**

**Регистрација на пчеларите:** Неопходно е **сите пчелари да се регистрирани во национална база на податоци**. Доколку не се познати локациите на пчелните семејства кои се изложени на ризик од инфестација со *Tropilaelaps*, шансите за навремено откривање на болеста, нејзино искоренување или контрола во случај на внесување се значително намалени.

**Законодавство на ЕУ:** Инфестацијата со *Tropilaelaps* е предмет на надзор во ЕУ, а постојат и мерки за спречување на нејзиното внесување и ширење помеѓу земјите-членки. **Законодавството на ЕУ забранува увоз на пакетни роеви или пчелни семејства од трети земји,** со исклучок на Швајцарија**. Увозот на матици е дозволен само од многу ограничен број земји надвор од ЕУ.** Овие регулативи за увоз претставуваат главна заштита од внесување на *Tropilaelaps*.

**Кога еднаш ќе се воспостави, инфестацијата со *Tropilaelaps* не може да се искорени.**

**Постојаната будност и внимателност се клучни за рано откривање.**

## *Како да го препознаете Tropilaelaps?*




- **Крлежот има 4 пара нозе, од кои првиот пар е исправен нагоре, како антени** (a).
- **Боја на телото на возрасните единки: црвено-кафеава**, посветла од *Varroa destructor* (b). Младите крлежи се белузлави (c).
- **Големина: приближно 1 mm x 0.5 mm** (a). Видлив е со голо око, но е помал од *Varroa* (b).
- Телото на *Tropilaelaps* е **подолго отколку широко**, за разлика од *Varroa*, која личи на краба (b).




- Кога се прегледува со лупа, **на стомачната страна има карактеристични хитински плочи** (a).
- *Tropilaelaps* **се движи многу брзо**, за разлика од *Varroa* кој се движи релативно побавно.

## *Биолошки циклус*

- **Развојниот циклус на *Tropilaelaps* е многу сличен со циклусот на *Varroa*, и двата крлежи се размножуваат во пчелното легло**.

Циклусот трае околу една седмица. Возрасните крлежи положуваат јајца во ќелиите со легло, каде што изведените незрели форми (c) се хранат со хемолимфа од ларвите и куклите, предизвикувајќи повеќекратни повреди и пренесувајќи вируси. Размножувањето е можно и без парење (и неоплодените женки можат да положуваат јајца) и без задолжителна форетска фаза на возрасните пчели.

- **Овие особини му овозможуваат да се размножува многу побрзо отколку *Varroa. Tropilaelaps* се храни исклучиво со леглото,** не може да се храни на возрасните пчели **и не преживува повеќе од 6 дена без легло**.



## *Начини на ширење*

*Tropilaelaps* се шири меѓу семејствата преку возрасните пчели (залетување, грабеж, роење) и преку пчеларските практики (формирање на нови роеви, додавање на рамки со легло и др.). **Главниот и најбрз начин на пренесување на големи далечини е транспортот на инфестирани семејства или пакетни роеви во нови области.**

## *Како да се посомневате на инфестација?*




**Клиничките знаци на тропилелапсозата се слични како кај вароозата:**

- **Шарено легло** (раштркано легло), со угинати ларви и кукли, продупчени капачиња и, кај силно инфестирани семејства, појава на „ќелаво легло" (отворено легло со кукли) (d);
- **Возрасни пчели или кукли со деформитети:** пр. скратен стомак, атрофирани крилја, деформирани нозе или без нозе (d);
- Пред влезот (летото) на кошницата има **слаби пчели коишто ползат и** не можат да летаат;
- **Мали, брзи крлежи што се движат по рамките, во леглото или по возрасните пчели** (e).




## *Како да го прегледате семејството?*

| *Главни методи за детекција* | *Краток опис* |
|---|---|
| **Преглед на поклопено легло**<br>✓ Висока осетливост<br>✗ Долготраен, деструктивен за леглото | 1) Отворете 100-200 поклопени ќелии со легло, по можност користејќи пинцети со фини врвови (наместо вилушка за отклопување) за да се избегне оштетување на *Tropilaelaps.*<br>2) Отстранете го леглото од секоја ќелија.<br>3) Прегледајте го леглото и внатрешноста на ќелиите за присуство на крлежи. |
| **Преглед на материјал од подницата**<br>✓ Висока осетливост<br>✗ Долготраен | 1) Користете лепливи подлоги поставени на дното на кошницата за да ги соберете природно паднатите крлежи. Заштитете ја подлогата со мрежа за да спречите пчелите да ги отстранат паднатите крлежи.<br>2) Оставете ја подлогата во кошницата 24-72 часа.<br>3) Соберете го и прегледајте го материјалот за присуство на мртви крлежи. |
| **"Протресување"**<br>◆ Ниска/средна осетливост<br>✓ Брз<br>✗ деструктивен за леглото | 1) Изберете рамка со поклопено легло.<br>2) Отстранете ги сите возрасни пчели со тресење на рамката над семејството.<br>3) Силно удрете со едниот крај од рамката над бел метален сад.<br>4) Завртете ја рамката и повторете го процесот уште три пати.<br>5) Прегледајте го садот за присуство на крлежи. |
| **Преглед на возрасни пчели**<br>◆ Ниска/средна осетливост<br>✓ Брз, не е деструктивен (ако се користи шеќер во прав) | 1) Соберете околу 200–300 пчели во тегла.<br>За да ги отстраните крлежите од пчелите, третирајте ги со шеќер во прав, или исплакнете ги со етанол/сапуница. |

**Совети:**

- ✓ Користете челна ламба и лупа за да го забележите *Tropilaelaps* меѓу отпадот во кошницата и другите крлежи што може да бидат присутни (f).
- ✓ За да ги соберете крлежите, користете тенка четка навлажнета со мед или вода, или пинцети со фини врвови.




## *Што да направите во случај на сомнеж?*

**Веднаш известете го надлежниот орган, што ќе ги спроведе потребните мерки.**

**Сите крлежи сомнителни на *Tropilaelaps* треба веднаш да се пратат** до националната референтна лабораторија и/или до надлежниот орган за **точна идентификација**:

- Наведете што повеќе детали (вашето име и адреса, име и локација на пчеларникот, и др.);
- Користете сад со капаче за собирање и транспорт на крлежите;
- **Не праќајте живи крлежи по пошта**. Прво усмртете ги така што ќе ги оставите во замрзнувач преку ноќ.

*EURL for Bee Health, Anses Sophia Antipolis Laboratory (France) - eurl.bee@anses.fr / Welcome to the website of the EU RL for Bee Health! | EURL*
Брошура за *Tropilaelaps* – Верзија од јуни 2025. Превод: проф. д-р Александар Цветковиќ, УКИМ – Факултет за ветеринарна медицина во Скопје.